# Годишен план за проценка на ризици од корупцијата во Министерство за правда- Управа за водење на матичните книги

Скопје, 2023

Спречувањето на корупцијата, на сите нивоа е клуч за успешна антикорупциска политика, но и обврска на државите кои произлегуваат од Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата и соодветните документи на Советот на Европа на Европската унија.

Во оваа насока, интегритетот и корупцијата се две спротиставени појави, додека со корупцијата во смисла на Законот за спречување на корупцијата се подразбира "искористување на функцијата, јавното овластување, службена должност или положба за остварување на каква и да било корист за себе или друг"... односно секое коруптивно дејство преставува кршење на интегритетот. Концептот на интегритетот е составен дел на системот за добро владеење. Кога се говори за добро владеење, во основа се мисли на градење и негување на духот на интегритетот на лично и на институционално ниво, со што би се поттикнала и би се обезбедила независност, професионалност и отчестност во извршување на надлежностите утврдени со законите и другите прописи. На ниво на една организација, интегритет значи "опторност кон корупција", додека систем за интегритет го означува збирот на сите политики, стандарди и процедури воспоставени во една организација кои ја зајакнуваат нејзината отпорност кон корупцијата и го намалуваат ризикот од коруптивното однесување од страна на нејзините вработени.

Поаѓајќи од горенаведеното, Управата за водење на матичните книги почитувајќи ги начелата на законитост, интегритет, еднаквост, јавност и заштита од одговорност, посебно ставајќи акцентот врз интегритетот на вработените, нивната стручност и компетентност, важи за институција кај која приоритет е јавниот интерес.

Годишниот план за спречување на корупцијата во Управата за водење на матичните книги е така дизајниран што дејствува превентивно, односно е насочен кон намалување на ризиците за корупција преку зајакнување на регулативата, јакнење на функционалноста на институциите на системот и враќање на довербата во него, јакнење на свеста и вклучување на граѓанското општество и јавноста во антикорупциските напори. Годишниот план е заснован врз објективни процеси и цели кои резултираат со континуирано намалување на корупцијата, а нејзината имплементација ќе испрати силна порака до македонското општество дека борбата против корупцијата конечно се остварува.

Постојат повеќе закони кои се однесуваат на корупцијата. Меѓу позначајните се: Закон за спречување на корупцијата, Закон за спречување на судир на интереси, кривичниот законик, Закон за заштит на укажувачи и Законот за лобирање. Во заложба на меѓународна заедница во борбата против корупцијата се донесени Конвенцијата на Обединети нации против корупција и Цивилна конвенција за спречување корупција.

Борбата против корупцијата не е единствен процес туку подразбира ангажман на целото општество и иницијативност на сите нивоа. Секој поединец има законска и морална обврска да се бори против корупцијата. Ова значи не само препознавање на корупцијата и воздржување од коруптивни дејствија, туку и пријавување случаи на корупција.

Управата за водење на матичните книги води политика за спречување на корупцијата и тоа на следниот начин:

- Управата не толерира коруптивно однесување односно искористување на фунцкијата, јавното овластување, службената должност и положба во насока на остварување било каква корист за вработениот или негов близок. Исто така Управата не толерира било каква друга форма на неетичко и неморално однесување забрането со закон и спротивно на етичкиот кодекс на однесување.
- Директорот и раководните лица на одделенијата се одговорни за проценка и остранување на ризиците кои што придонесуваат за корупција, проневера, крадење, поткуп, судир на интереси како и користење на влијанија и врски со цел добивање на повластен третман или каква било друга форма на неетичко и незаконско однесување.
- Административните службеници се должни да се однесуваат чесно и одговорно и да ги почитуваат пропишаните процедури и рокови за постапување, да бидат лојални кон институцијата, да избегнуваат судир на интереси и да се грижат за угледот на институцијата во јавност без разлика дали се наоѓаат на работното место или не во тоа време.
- Вработените се должни да пријават било какво коруптивно однесување на начин пропишан во процедурите за пријавување на случаи во кои постои сомнеж на корупција или друго неетичко однесување.
- Вработените на кои им бил даден поткуп или биле поттикнувани на незаконски или неетички дејствија треба на културен начин да ја прекинат комуникацијата со лицето кое нуди поткуп и писмено да го известат надлежното лице во институцијата. При тоа вработениот треба да ги појасни деталите вклучително – времето, местото, соговорниците и предметот на разговор.
- Доколку вработениот не постапи согласно пропишаната процедура, против него ќе биде покрената соодветна постапка.
- Пријавувањето на коруптивно однесување на лица кои што се вработени во Управата е должност за секого. Тоа не е лично прашање ниту право на избор туку е дел од службена должност и одговорност.
- Вработените кои биле сведоци или имаат основно сомневања за неетичко или незаконско однесување на вработените во Управата, мораат во печатена

форма телефонски или преку електронска пошта да го информираат овластеното лице во институцијата.

- На вработениот кој што пијавува корупција му се гарантира дека информациите се целосно доверливи.
- Директорот и раководните структури во Управата врз основа на искрено убедување дека пријавата се темели на вистина го гарантираат правото на заштита од одмазда и закани кон лицата кои што пријавиле неетичко и незаконско однесување.

Со оглед на ризиците кои се наметнуваат од областа на корупцијата, Управата има алатки и механизми со кои ги заштитаат внатрешните процеси и постапки. Во рамки на надлежноста и делокругот на работењето засега не се идентификувани фактори кои го отежнуваат функционирањето на институцијата.

## ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИТЕ ОД КОРУПЦИЈА

Корупцијата се манифестира низ разни форми и на толку софистициран начин што само професионалци можат да ја препознаат. Од овие причини корупцијата преставува многу комплициран проблем што нужно бара од земјите и од меѓународната заедница во целина да изградат продобри и поефикасни методи и инструменти за нејзино сузбивање.
Таква е проценката кон ризиците од корупција кој е првиот и клучниот чекор од процесот на подготовка на Годишниот план за спречување корупција во Управата. Врз анализа направена на факторите на ризици во делокругот на работата и општо во системот на Управата, постојат повеќе области каде што е можна појава на корупција. Главен акцент во антикорупцискиот план е ставен на вработените и раководството и согласно тоа Управата има приоритетни цели во антикорупциската активност каде се наведени: јакнење на интегритетот на вработените во Управата, почитување на Кодексот за административни службеници и законските прописи, меѓуинституционална соработка во борба против корупцијата и криминалот преку платформата за интероперабилност, спроведување процена за ризик од појава на корупција на работните места, професионализација, департизација и деполитизација на вработените, континуирана и специјализирана обука во Управата, преземање превентивни активности кон нововработените службеници, јакнење на довербата на граѓаните и мотивирање да пријават корупција, зајакната контрола и надзор и јавни набавки, зајакнување на меѓународна соработка во борба против корупција со кои се очекува дека ќе даваат резултат а згора на се извршување на

задачите професионално согласно законите, прописите и интерните процеси.

## ПРИЧИНИ, УСЛОВИ И ФАКТОРИ ЗА ОВОЗМОЖУВАЊЕ КОРУПЦИЈА

Закон за спречување корупција и судир на интереси ( член 8 став 5), поимот ''ризик од корупција'', го дефинира каков бил вид на внатрешна или надворешна слабост или процес што може да преставува можност за појава на корупција во државните тела, јавните претпријатија и други институции од јавниот сектор, што вклучува и прашања како што се судир на интереси, некомпатибилност на функциите, примање подароци и други недозволени плаќања, лобирање, немање систем за заштита на укажувачите, измама, несоодветно користење на овластувањата, дискрециони овластувавања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на законот, трговија со информации и нивно неовластено користење, транспарентност на процедурите и документите и други прашања кои се релевантни за интегритетот.

Во најширока смисла на зборот, корупцијата е искористување на службената положба за приватни цели. Ова значи дека кога постои корупција вршењето на јавни овластувања и работи од јавен интерес добива карактер на вршење определени услуги само за оние граѓани што можат да ги платат или во смисла на законот подразбира ''искористување на функцијата, јавното овластување, службена должност и положба за остварување на каква и да било корист за себе или за друг''. Праксата кај нас досега покажувала дека вработените строго ги почитуваат начелата кои ги содржи закнот, како што се : начелата на законитост, интегритет, јавност и заштита и одговорност, што е индикатор дека службениците на Управата може да ја препознааат и да се справат со можноста за пробивање на корупцијата во делокругот на работењето.

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА АЛАТКИ И КОНТРОЛНИ МЕХАНИЗМИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ДЕТЕКТИРАНИТЕ РАЗЛИЧНИ ОБЛАСТИ

Корупцијата има широк спектар на штетни ефекти врз општеството. Таа ги поткопува демократијата и владеењето на правото, го загрозува квалитетот на животот, може да предизвика појава на сериозен криминал и закани за безбедноста на целокупната општествена заедница.

Како алатки и механизми за надминување на детектираните ризични области, односно намалување на можностите и создавање неповолни услови за извршување коруптивни дела, Управата за ефикасна борба против корупцијата подеднакво ги има: нормативни решенија, институционална

рамка, ефикасна примена на законите, институционалниот и личниот капацитет и интегритет, како и соработка меѓу институциите.

## ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ СО ОСОБЕН АКЦЕНТ НА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Интегритетот во работењето на врабтените на Управата преставува принцип на постојано однесување со согласност со етичките вредности. Истиот , може да се разгледува како интегритет на индивидуите и интегритет на институцијата. Воедно, интегритетот поттикнува и обезбедува независност, професионалност и отчетност во извршувањето на на надлежностите утврдени со законите и другите прописи. На ниво на една организација, интегритет значи "отпорност кон корупцијата", додека систем на интегритет го означува збирот од сите политики, стандарди и процедури воспоставени во една организација кои ја зајакнуваат нејзината отпорност кон корупцијата и го намалуваат ризикот од коруптивно однесување од страна на нејзините вработени.

На лично ниво, интегритетот значи поседување знаења и вештини но и личен етички капацитет, решителност и професионалност да се почитуваат воспоставените правила и практики и секогаш да се работи во полза на јавниот интерес, да се одбегнува можниот судир на интереси и да не се придонесува за создавање негативни и штетни услови и околности во работењето. Затоа, поаѓајќи од ова, Управата во нејзините антикорупциски активности во голема мера го има истакнато јакнењето на интегритетот на вработените.

## ПОЧИТУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ, КОДЕКСОТ ЗА ЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ И КОДЕКСОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

Правната рамка е основа за пренесување на минималните задолжителни стандарди и принципи на однесување на секој јавен службеник. Законите и прописите би можеле да ги утврдат фундаментални вредности на јавната служба и треба да ја обезбедат рамката за упатување, истражување, дисциплинска постапка и гонење.

Управата исто така како приоритени цели го има почитувањето на Кодексот на административни службеници и законските прописи. Имено секој службеник е потребно да има висок степен на познавање на кодексот за административни службеници во којшто е утврдено дека службениците не смеат да поставаат материјална или во друга зависност од граѓани или органи,

не смеат да ги користат службените овластувања со цел стекнување лична корист и имаат обврска да се спротиставуваат на сите форми на корупција во рамките на Управата.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ДОВЕРБАТА НА ГРАЃАНИТЕ КОН ИНСТИТУЦИИТЕ И МОТИВИРАЊЕ ДА ПРИЈАВАТ КОРУПЦИЈА

Најзначајна алатка во намалување на борбата против корупцијата е мотивацијата на граѓаните да пријават корупција. Одлуката на граѓаните да се спротистават на ситуацијата во која за да ги остварат своите права се принудени да ги наградуваат службениците надвор од нивната службена должност е првиот чекор кон овој процес, а тоа е долготраен процес кој бара упорност, професионален однос и меѓусебна соработка со граѓаните. Нивото на поддршка од граѓаните зависи од степенот на нивната меѓусебна доверба, кој пак ќе зависи од ефективноста и спроведувањето и извршување на своите должности, професионално, правично и чесно.  Само ваквиот меѓусебен однос ќе доведе до зголемена доверба помеѓу граѓаните и вработените во Управата и општо што само по себе ќе резултира со зголемена ефикасност во постапувањето на вработените.

## ЗАЈАКНАТА КОНТРОЛА И НАДЗОР НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Постапките за јавни набавки во целост се спроведуваат преку електронскиот систем за јавни набавки и истите се транспарентни како и јавно достапни за јавноста. Сите потребни документи се објавуваат на веб страната на Управата.

Точно и прецизно се врши планирањето на постапките за јавни набавки и во законски утврден рок.

Службеното лице не смее да врши незаконско влијание во постапката за јавна набавка. Системот за јавни набавки и неговото спроведување се темелат врз начелата на слободно движење на стоките, слобода на основање , слобода на обезбедување на услуги, како и начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспареност , еднаков третман  на економскиот оператор и сразмерност.

Професионална едукација на вработените преку одржување на обуки за надградба на знаењето, обуки за практична примена на Законот за јавни набавки и обуки за антикорупција во јавните набавки.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНАТА СОРАБОТКА И СОРАБОТКА ВО БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

Корупцијата како константа закана за стабилноста на државата потребно е во континуитет да се пресретнува и совладува со сите законски и институционални алатки како превентивен така и репресивен план.
Во таа насока е зајакнување на меѓуинституционална соработка и воспоставување на контакти помеѓу административните службеници и клучните чинители задолжени за справување со корупцијата со што ќе се овозможи навремена и квалитетна размена на информации и сознанија за корупцијата кои ќе резултираат со ефикасно санкционирање на извршителите. Потребно е јакнење на капацитетот на Управата за борба против корупцијата и развивање на соработка со Државната комисија за спречување на корупција. Борбата со корупција бара постојан ангажман на сите релевантни тела во земјата кои постапуваат согласно нивните законски утврдени надлежности. Оттука, меѓуинституционалната соработка на вработените со горенаведените институции ќе биде водечка сила во борбата против корупцијата. За таа цел потребно е потпишување на меморандуми за соработка кои ќе придонесат во целосно идентификување на коруптивните елементи.

## ЈАКНЕЊЕ НА АЛАТКИТЕ ЗА ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА УПРАВАТА

Вработените во Управата при извршување на работните задачи не смеат да го доведат личниот интерес, материјалниот и нематеријалниот интерес во судир со јавниот интерес и со нивниот статус да предизвикаат судир на интереси.

Потребно е да се водат од принципите од законитост, ефикасност, доверливост, независност, самостојност, чесност, професионалност, отчетност и транспарентност. Потребна е внимателна анализа на ризиците и ситуациите коишто може да доведат до потенцијален судир на интереси и корупција при вршење на службените работи, за што е потребно навремено преземање мерки за отстранување на можноста за судир на интереси и корупција.

На веб страната на Управата и понатаму ќе се продолжи со практиката да се објавуваат информации, извештаи, работни средби од дневните настани што се поврзани со работата на Управата.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Годишниот план за спречување на корупцијата во Управата за водење на матичните книги ќе се имплементира во работењето на Управата за период од следните 12 месеци.

За реализација и следење на планираните активности надлежна е работна група за интегритет како формирана од вработени лица кои ќе бидат определени од страна на Директорот на Управата.

Работната група за интегритет и вработените определени од директорот да ја следат и оценуваат имплементацијата на Годишниот план, редовно и навремено ќе го информираат директорот на Управата за сите преземени активности и реализација на годишниот план.

Непосредните раководители во Управата должни се со содржината на овој годишен план да ги запознаат вработените лица на кои тие им се претпоставени.

**Скопје, 2023**

**Управа за водење на матичните книги**

**В.д. Директор / Drejtor**
**Blerim Abazi**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Управа за водење на матичните книги
Drejtoria për udhëheqjen e librave amë
СКОПЈЕ-SHKUP
MINISTRIA E DREJTËSISË
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА